ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 24 ГОДИНА 31 ДАТА 17.06.2013 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

- *ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*
- *ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 14.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ШАМПИОН" Прилеп: Димоски В. Филип, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на фудбалери при Општински фудбалски сојуз Прилеп фудбалерот Талески Давор од ФК "11 Октомври" од Прилеп, поради преминување со регистрција на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 14.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Талески И. Давор од ФК "11 Окмтоври" Прилеп, чл. 35/3.
ФК "ФОРТУНА 2009" н. Ченто, Скопје: Таири А. Љеутрим, Асани И. Нуредин, по чл.35/1.

*** Склучување на професионални договори**:

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Стевановиќ Ѓ. Љубомир, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2014 година.

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалетот Митров Ш. Михајло, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до летен преоден рок 2016 година.

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Ристовски Т. Филип, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2016 година.

*** Склучување на стипендиски договори:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Димов Т. Диме склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) гоидини до Летен преоден рок 2015 година.

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Христов З. Христиан, склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2015 година.

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Талески И. Давор склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2015 година.

ФК "Скопје" Скопје и фудбалерот Шемски С. Тахи склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2015 година.

ФК "Скопје" Скопје и фудбалерот Јашаровски А. Ален склучија стипендиски договор во времетраење од 2 (две) години до Летен Преодрн рок 2015 година.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Ѓорѓиевски Б. Микица го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 24.05.2013 гоидна**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СЕНОКОС" с. Сенокос: Касами А. Реис, Џелаљи И. Беким, Вељија И. Ардит и Ферати Л. Адван, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 09.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ" с. Удово: Попов Д. Тоше, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 14.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРЕГАЛНИЦА 2008 АД" Штип: Иванов Д. Иван, по член 35/1.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Брегалница 2008 АД" Штип и фудбалерот Петровски С. Илче го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз фудбалерот Петровски С. Илче од ФК "Бреглaница 2008 АД" Штип, порди преминување со регистрција на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 14.06.2013 година**

*** Исправка на регистрации:**

Во Макфудбал вонреден број 14 од 31.8.2012 година на седница на ОФС Кавадарци за ФК "Росоман 83" од с. Росоман регистриран е фудбалерот Јованов Васко од ГФК "Тиквеш 09" од Кавадарци по член 325/3, меѓутоа по грешка е напишан членот 35/10, а треба да стои член 35/3, а по член 35/10 е регистриран е фудбалерот Станоев Видан од ГФК "Тивеш 09" од Кавадарци исто за Фудбалскиот клуб "Росоман 83" од с. Росоман но е испуштен за објава во тој Макфудбал, поради тоа се објавуваат двата фудбалери во овој Макфудбал, со право на настап на 31.08.2012 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 14.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ПЕЛСИТЕР АД" Битола: Божиновски О. Дарко, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерот Илијовски Ѓ. Ристе од ФК "Пелистгер АД" Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрцијата на фудбалерот Јовановски Љ. Дарко за ФК "Пелистер АД" од Битола поради што има додавано бројки со рака во матичниот број на фудбалерот на изводот од родените.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Соклевски С. Петар од Фудбалскиопт клуб "Работник 2010" од Битола за Фудбалскиот клуб "Стрела Спорт" од с. Могола, по член 35/3, бидејќи документот за идентификација е неважечки, на личната карта и е поминат рокот на важноста.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 13.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ШКЕНДИЈА АД" Тетово: Баки Б. Башким од ФК "Врапчиште" од с.Врапчиште, чл. 35/3.

## КОМИСИЈА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФУДБАЛЕРИ ОД МАЛ ФУДБАЛ

**Седница од 17.06.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "ШКЕНДИЈА" Тетово: Мурати А. Мухарем, по член 35/1.

Комисија за избори на ФФМ

Врз основа на член 3 став 1 и член 12 од Правилникот за изборите во ФФМ а вв со член 52 став 4 од Статутот на ФФМ Комисијата за избори на ФФМ, во состав Владимир Гашевски-Претседател, Горанчо Костовски-член и Бурим Сејдини - член на седницата одржана на 11.06.2013 година ја донесе следната :

# ОДЛУКА

1. **СЕ УТВРДУВА** кандидатот на ОФС Скопје, Илчо Ѓорѓиоски од Скопје за единствен кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија.

2. Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Комисијата за избори на седницата одржана на ден 11.06.2013 година, постапувајки согласно член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ утврди дека за Кандидат за претседател има доставено една кандидатура од Општинскиот фудбалски сојуз Скопје и тоа за кандидатот Илчо Ѓорѓиоски кој и досега ја вршеше функцијата Претседател на ФФМ. За кандидатурата на Илчо Ѓорѓиоски, Комисијата за избори констатира дека е пристигната поддршка од сите општински фудбалски сојузи. По разгледување на доставената кандидатура Комисијата за избори утврди дека истата е уредна, по што одлучи како во диспозитивот.

Бр. Бр. 03-860/3
11.06.2013

Претседател на комисијата за избори

Владимир Гашевски

**Правна поука:**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ

Општинските фудбалски сојузи можат да поднесат жалба на оваа одлука, преку Комисијата за избори до Комисијата за жалби по изборите во рок од 3 дена од прием на одлуката.

ДН:
Општински фудбалски сојузи
Генерален Секретар
Архива на ФФМ
Макфудбал

Комисија за избори на ФФМ

Врз основа на член 3 став 1 и член 12 од Правилникот за изборите во ФФМ , а вв со член 52 став 4 од Статутот на ФФМ Комисијата за избори на ФФМ, во состав Владимир Гашевски-Претседател, Горанчо Костовски-член и Бурим Сејдини - член на седницата одржана на 11.06.2013 година ја донесе следната :

# ОДЛУКА

1. **СЕ УТВРДУВА** листата на кандидати за членови на Управниот одбор на ФФМ на Генералното Изборно Собрание на ФФМ од 29 Јули 2013 година.

| Реден број | ОФС | Име и презиме |
|---|---|---|
| 1. | Битола | Златко Талевски |
| 2. | Велес | Лазар Ракиџиев |
| 3. | Валандово | Серафим Димовски |
| 4. | Гостивар | Зејди Салиу |
| 5. | Гази Баба | Светозар Станковски |
| 6. | Гевгелија | Благој Истатов |
| 7. | Демир Хисар | Гоце Цветановски |
| 8. | Куманово | Борче Лазаревски |
| 9. | Кратово | Добре Иванов |
| 10. | Кисела Вода | Иван Путилин |
| 11 | Кочани | Владо Андов |
| 12. | Кичево | Муамед Сејдини |
| 13. | Кавадарци | Лазар Нанев |
| 14. | Липково | Салим Абдиљи |
| 15 | Македонски брод | Љубомир Ѓурчески |
| 16. | Неготино | Ванчо Кузманов |
| 17. | Охрид | Тони Ивановски |
| 18. | Пробиштип | Горан Гаврилов |
| 19 | Прилеп | Марјан Стојкоски |
| 20 | Ресен | Миле Тановски |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Струмица | Ѓорѓи Гоцевски |
| 22 | Струга | Аргетим Асани |
| 23. | Свети Николе | Дејан Димовски |
| 24 | Тетово | Кенан Идризи |
| 25 | Штип | Димитар Џонов |

**2.** Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**3.** Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ Макфудбал.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за избори на седницата одржана на ден 11.06.2013 година, постапувајќи согласно член 12 од Правилникот за изборите на ФФМ ги разгледа пристигнатите кандидатури за членови на Управен одбор доставени од Општинските фудбалски сојузи, по што утврди дека 25 општински фудбалски сојузи доставиле уредна документација за кандидатите и ја утврди листата на кандидати за Управен одобор, како во диспозитивот на оваа одлука.

Бр. 03-860/2
11.06.2013

Претседател на комисијата за избори

Владимир Гашевски

**Правна поука:**
Општинските фудбалски сојузи можат да поднесат жалба на оваа одлука, преку Комисијата за избори до Комисијата за жалби по изборите во рок од 3 дена од прием на одлуката.

ДН:
Општински фудбалски сојузи
Генерален Секретар
Архива на ФФМ
Макфудбал

Комисијата за жалби при Фудбалската федерација на Македонија во состав:Ташко Дојчинов- претседавач(заменик), Кире Јачев-член, Арбен Борова – член, постапувајќи по Барањето за потврдување на клубска казна поднесено од ФК Силекс АД од Кратово за фудбалерот Коњарски Благојче врз основа на член 31 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2013 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-817
31.05.2013 год.
Скопје

# О Д Л У К А

1. Жалбата поднесена од Коњарски Благојче, фудбалер на ФК Силекс АД Кратово а изјавена против одлуката на Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД бр. 01-95 од 16.05.2013 година се одбива како неоснована.
2. Се уважува Барањето на ФК Силекс АД од Кратово за потврдување на клубска казна изречена на фудбалерот Коњарски Благојче.
3. Се потврдува клубската казна изречена од Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД од Кратово бр. 01-95 од 16.05.2013 година во делот на паричната казна и истата гласи: Коњарски Благојче со ид бр. 100673 , фудбалер на ФК Силекс АД Кратово се казнува со парична казна од 3000 ЕУР(триилјади евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.
4. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалскиот клуб Силекс АД од Кратово поднесе барање до Комисијата за жалби на ФФМ за потврдување на одлука на дисциплинската комисија на клубот бр.01-95 од 16.05.2013 година со која фудбалерот на ФК Силекс АД Коњарски Благојче е казнет со забрана на играње од 6 месеци на првенствени и куп натпревари и парична казна од 3000 еур во денарска противвредност поради незалагање на натпреварот од полуфиналето на куп натпреварот со ФК Тетекс АД одигран на 17.04.2013 година.

Фудбалерот Коњарски Благојче по добивање на одлуката на Дисциплинската комисија на ФК Силекс со која му е изречена погоренаведената казна во предвидениот рок преку полномошник ја обжалува до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата одлучи покрај матерјалните докази приложени со барањето за потврдување на клубска казна да изведе и вербални докази преку сослушување на подносителот на барањето и жалителот. На седницата одржана на 31.05.13 го сослуша фудбалерот односно неговиот полномошник. Во својот исказ фудбалерот изјави дека останува на наводите во жалбата и нагласи дека на 23.4.13 година му бил оневозможен престој во хотелот каде што бил сместен како и пристап до

клубските простории а бидејќи со место на живеење е во Битола морал да замине.

Претставникот на ФК Силекс АД остана на наводите во барањето и појасни дека за фудбалерите од почетокот на оваа година е обезбедено сместување кое нема јавен карактер како и дека за Коњарски не била изречена забрана за присуство во просториите на клубот. Претставникот исто така изјави дека клубот поради претстојниот преоден рок и фактот дека клубот го губи статусот одлучил да отстапи од барањето за потврдување во делот на временската казна и останува на барањето на потврдување на паричната казна а со цел да им се овозможи на фудбалерите да го користат преодниот рок.

Комисијата за жалби на ФФМ по разгледување на целокупната документација како и по сослушување на претставникот на клубот и фудбалерот Коњарски Благојче ја утврди следната фактичка состојба.

По барање односно одлука бр. 01-73 од 20.04.2013 г.на Одборот на директори на ФК Силекс АД за суспензија и предавање на дисциплинска комисија , Дисциплинската комисија на ФК Силекс на ден 22.04.2013 година со одлука бр.01-76 повела дисциплинска постапка против Коњарски Благојче и побарала во рок од три дена од добивањето на одлуката да достави писмена изјава во врска со пријавата односно одлуката за суспензија(повратница R 154889485). Именуваниот фудбалер на 23.04.13 доставил поднесок до Управата на клубот именуван како жалба во кој изјавил дека ги отфрла обвинувањата за незалагање. Фудбалерот во периодот што следел не се јавил на одделните тренинзи кај тренерот предвидени со одлуката за суспензија (известување од 09.05.2013 од Стручниот штаб до управата на клубот) .

На ден 16.05.2013 година Дисциплинската комисија на клубот се произнела со одлука број 01-95. Одлуката со која фудбалерот е казнет со парична казна и забрана на играње во траење од 6 месеци е испратена до фудбалерот и до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена од донесување на одлуката.

По изведување на матерјалните и вербални докази Комисијата заклучи дека постапката во клубот е водена согласно активе на ФФМ како и дека жалбата на фудбалерот е неоснована посебно поради фактот дека истиот ги прекршил договорните обврски, не се интересирал и не присуствувал на закажаните тренинзи.

Поради погоренаведеното Комисијата за жалби на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби
Претседавач
Ташко Дојчинов

доставено до:
- ФК Силекс АД Кратово
- Коњарски Благојче
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисијата за жалби при Фудбалската федерација на Македонија во состав:Ташко Дојчинов- претседавач(заменик), Кире Јачев-член, Арбен Борова – член, постапувајќи по Барањето за потврдување на клубска казна поднесено од ФК Силекс АД од Кратово за фудбалерот Лампевски Даниел врз основа на член 31 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2013 година ја донесе следната

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Бр. 03-816 31.05.2013 год. Скопје

О Д Л У К А

1. Жалбата поднесена од Лампевски Даниел, фудбалер на ФК Силекс АД Кратово а изјавена против одлуката на Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД бр. 01-93 од 16.05.2013 година се одбива како неоснована.
2. Се уважува Барањето на ФК Силекс АД од Кратово за потврдување на клубска казна изречена на фудбалерот Лампевски Даниел.
3. Се потврдува клубската казна изречена од Дисциплинската комисија на ФК Силекс АД од Кратово бр. 01-93 од 16.05.2013 година во делот на паричната казна и истата гласи: Лампевски Даниел со ид бр. 101026 , фудбалер на ФК Силекс АД Кратово се казнува со парична казна од 3000 ЕУР(триилјади евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.
4. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалскиот клуб Силекс АД од Кратово поднесе барање до Комисијата за жалби на ФФМ за потврдување на одлука на дисциплинската комисија на клубот бр.01-93 од 16.05.2013 година со која фудбалерот на ФК Силекс АД Лампевски Даниел е казнет со забрана на играње од 5 месеци на првенствени и куп натпревари и парична казна од 3000 еур во денарска противвредност поради незалагање на натпреварот од полуфиналето на куп натпреварот со ФК Тетекс АД одигран на 17.04.2013 година.

Фудбалерот Лампевски Даниел по добивање на одлуката на Дисциплинската комисија на ФК Силекс со која му е изречена погоренаведената казна во предвидениот рок ја обжалува до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата одлучи покрај матерјалните докази приложени со барањето за потврдување на клубска казна да изведе и вербални докази преку сослушување на подносителот на барањето и жалителот. На седницата одржана на 31.05.13 го сослуша фудбалерот. Во својот исказ фудбалерот изјави дека останува на наводите во жалбата и нагласи дека не се смета за одговорен за изгубениот натпревар како и дека изречената парична казна е превисока за таков вид на прекршок.

Претставникот на ФК Силекс АД остана на наводите во барањето и појасни дека клубот поради претстојниот преоден рок и фактот дека клубот го губи статусот одлучил да отстапи од барањето за потврдување во делот на временската казна и останува на барањето на потврдување на паричната казна а со цел да им се овозможи на фудбалерите да го користат преодниот рок.

Комисијата за жалби на ФФМ по разгледување на целокупната документација како и по сослушување на претставникот на клубот и фудбалерот Лампевски Даниел ја утврди следната фактичка состојба. По барање односно одлука бр. 01-71 од 18.04.2013 г.на Одборот на директори на ФК Силекс АД за суспензија и предавање на дисциплинска комисија , Дисциплинската комисија на ФК Силекс на ден 19.04.2013 година со одлука бр.01-72 повела дисциплинска постапка против Лампевски Даниел и побарала во рок од три дена од добивањето на одлуката да достави писмена изјава во врска со пријавата односно одлуката за суспензија(повратница R 154888922). Именуваниот фудбалер на 22.04.13 доставил изјава до дисциплинската комисија на клубот со која ја потврдува слабата игра но смета дека не е виновник за изгубениот натпревар. На ден 16.05.2013 година Дисциплинската комисија на клубот се произнела со одлука број 01-93. Одлуката со која фудбалерот е казнет со парична казна и забрана на играње во траење од 5 месеци е испратена до фудбалерот и до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена од донесување на одлуката.

По изведување на матерјалните и вербални докази Комисијата заклучи дека постапката во клубот е водена согласно актите на ФФМ како и дека жалбата на фудбалерот е неоснована посебно поради фактот дека истиот ги прекршил обврските од Договорот за професионално бавење со фудбал.

Поради погоренаведеното Комисијата за жалби на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби
Претседавач
Ташко Дојчинов

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ФФМ
СКОПЈЕ

доставено до:
- ФК Силекс АД Кратово
- Лампевски Даниел
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Одлука број : 03 -757/5**

Врз основа на член 10 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разгледувајќи ги записниците и материјалите од 26 коло на Втора МФЛ помеѓу Ф.К. "Охрид 2004" – Охрид и Ф.К. "Скопје" - Скопје, а во врска со член 57 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 17 Мај 2013 година донесе:

# ОДЛУКА

1. Прекинатиот натпревар од 26 коло на Втора МФЛ помеѓу Ф.К. "Охрид2004 " – Охрид и Ф.К. "Скопје" - Скопје се регистрира со резултат 0 : 4.

2. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ "Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разгледувајќи ги материјалите од 26 коло на Втора МФЛ помеѓу Ф.К. "Охрид2004" – Охрид и Ф.К. "Скопје" - Скопје го констатира следното :

1. На ден 11.05.2013 година (сабота) со почеток во 16,30 часот на стадионот во Охрид требаше да се одигра првенствен фудбалски натпревар помеѓу екипите на Ф.К. "Охрид 2004" – Охрид и Ф.К. "Скопје" - Скопје.

2. По завршување на прво полувреме на натпреварот е констатиран резултат 0:4 во корист на екипата на Ф.К.Скопје од Скопје.На почетокот од второто полувреме на теренот се појавија сите службени лица (судиската четворка и делегатот) како и гостинската екипа (Ф.К.Скопје од Скопје), додека домашната екипа (Ф.К.Охрид 2004 од Охрид) не се појави на теренот, а претставникот на домашната екипа(Ф.К.Охрид 2004 од Охрид) ги извести службените лица на натпреварот(судиската четворка и делегатот) дека екипата на Ф.К.Охрид 2004 од Охрид нема да се појави на теренот и нема да го продолжи натпреварот. Од страна на делегатот и судиската четворка констатирано е дека домашната екипа (Ф.К.Охрид 2004-Охрид) од неоправдани причини не се појави на теренот , не го доигра натпреварот и е главен иницијатор за прекин на натпреварот.

Имајќи го во предвид погоре наведеното Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија со примена на нормативата на Фудбалската Федерација на Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа Одлука преку Комисијата за натпревари при ФФМ со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено :

- Ф.К. "Скопје" – Скопје
- ФК "Охрид 2004" - Охрид
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

Скопје

22 Мај 2013 година

Фудбалска федерација на Македонија
Комисија за натпревари при ФФМ
Претседател,
Васко Дојчиновски

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-757/6**

Врз основа на член 10 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија,комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија поради два неоправдано неодиграни натпревари на екипата ФК "Охрид 2004" – Охрид, а во врска со член 56 став 5 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и член 25 став 1 од Пропозициите за натпревањето во втората лига во натпреварувачката 2012/2013 година, на ден 17 Мај 2013 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК "Охрид 2004" – Охрид се дисквалификува од натамошното натпреварување во втората лига на Република Македонија под раководство на ФФМ поради неоправдано неодигрување на 2 (два) натпревари (25 и 26 коло), а согласно член 56 став 5 од Правилникот за натпревари како и член 25 став 1 од Пропозициите за натпреварување во втора лига во натпреварувачката 2012/2013 година.
2. ФК "Охрид 2004" – Охрид се насочува за натпреварување во натпреварувачката 2013/2014 во најнизок степен на натпревари (општинска лига), а согласно член 56 став 5 од Правилникот за натпревари како и член 25 став 1 од Пропозициите за натпреварување во втора лига во натпреварувачката 2012/2013 година.
3. Натпреварите кои екипата на ФК "Охрид 2004" – Охрид ги одигра во првиоти вториот круг (есенски и пролетен дел) на натпревари од натпреварувачката 2012/2013 година остануваат со постигнатите резултатите,а додека во наредните натпревари фудбалскиот клуб кој треба да одигра натпревар со ФК "Охрид 2004" – Охрид натпреварот ќе го добие со службен резултат 3: 0.
4. Добиените опомени и казнени мерки **остануваат да важат** се до крајот на првенството за фудбалерите и службените лица кои настапувале за дисквалификуваната екипа и за екипите кои настапувале против дисквалификуваната екипа, а согласно член 25 став 2 од Пропозициите за натпреварување во втора лига во натпреварувачката 2012/2013 година.
5. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласил на ФФМ "Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разлгедувајќи ги материјалите од 25 и 26 коло поради два неоправдано неодиграни натпревари на екипата на ФК "Охрид 2004" – Охрид го примени член 56 став 5 од Правилникот за натпревари како и член 25 став 1 од Пропозициите за натпреварување во втора лига во натпреварувачката 2012/2013 година.

Имајки го во предвид погоре наведеното Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија со примена на нормативата на Фудбалската Федерација на Македонија донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа Одлука преку Комисијата за натпревари на ФФМ, со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено :

- ФК "Охрид 2004" – Охрид
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

Скопје

22 Мај 2013 година

Фудбалска федерација на Македонија
Комисија за натпревари при ФФМ
**Претседател**
Васко Дојчиновски с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-824/1**
**Втора лига : 2012 – 2013**
Скопје : **03.06.2013 година**

Врз основа на член 10 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ на ден 31.05.2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Тиквеш 09" – Кавадарци се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **300000001599760 Комерцијална банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 27 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Маџари Солидарност"од Скопје - Ф.К. "Тиквеш 09" од Кавадарци, Темков Благој фудбалер на Ф.К. "Тиквеш 09" со ИД број 105355 бил **исклучен во 24 минута од натпреварот поради недозволен старт – груба игра.**

Доставено до :

- ФК "Тиквеш 09" – Кавадарци
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Претседател на комисија за натпревари на ФФМ

***Васко Дојчиновски с.р.***

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-824/2**
**Скопје: 03.06.2013**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ против Темков Благој фудбалер на Ф.К. "Тиквеш 09" од Кавадарци врз основа на член 37 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. **Темков Благој фудбалер на Ф.К "Тиквеш 09" - Кавадарци со ИД. бр.105355 се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 3 (три) првенствени - куп натпревари.**
2. **Казната тече од 15.05.2013 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 27 коло на Втората лига помеѓу: Ф.К. "Маџари Солидарност" (Скопје) - Ф.К. "Тиквеш 09" (Кавадарци) одигран на ден 14.05.2013 година констатира: Темков Благој фудбалер на Ф.К. "Тиквеш 09" од Кавадарци, бил исклучен во 24 минута од натпреварот, поради недозволен старт – груба игра.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Тиквеш 09" (Кавадарци)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-824/3**
**Втора лига : 2012 – 2013**
Скопје : **03.06.2013 година**

Врз основа на член 10 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ на ден 31.05.2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Гостивар" – Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **300000001599760 Комерцијална банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 29 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Маџари Солидарност"од Скопје - Ф.К. "Гостивар" од Гостивар, Валон Незири фудбалер на Ф.К. "Гостивар" со ИД број 103450 бил **исклучен во 60 минута од натпреварот поради неспортски однос кон главниот судија.**

Доставено до :

- ФК "Гостивар" – Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Претседател на комисија за натпревари на ФФМ

***Васко Дојчиновски с.р.***

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

Фудбалска Федерација на Македонија

**Број : 03-824/4**
**Скопје: 03.06.2013**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ против Валон Незири фудбалер на Ф.К. "Гостивар" од Гостивар врз основа на член 36 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **Валон Незири фудбалер на Ф.К "Гостивар" - Гостивар со ИД. бр.103450 се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени - куп натпревари.**
2. **Казната тече од 26.05.2013 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 29 коло на Втората лига помеѓу: Ф.К. "Маџари Солидарност" (Скопје) - Ф.К. "Гостивар" (Гостивар) одигран на ден 25.05.2013 година констатира: Валон Незири фудбалер на Ф.К. "Гостивар" од Гостивар, бил исклучен во 60 минута од натпреварот, поради неспортски однос кон главниот судија.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Гостивар" (Гостивар)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-824/5**
**Втора лига : 2012 – 2013**
Скопје : **03.06.2013 година**

Врз основа на член 10 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ на ден 31.05.2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Еуромилк" – Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **300000001599760 Комерцијална банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 29 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Миравци"од Миравци - Ф.К. "Еуромилк" од Скопје, Иловски Дарко фудбалер на Ф.К. "Еуромилк" со ИД број 100573 бил **исклучен во 76 минута од натпреварот поради недозволена игра.**

Доставено до :

- ФК "Еуромилк" – Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Претседател на комисија за натпревари на ФФМ
***Васко Дојчиновски с.р.***

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-824/6**
**Скопје: 03.06.2013**

Врз основа на член 99 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Претседателот на комисијата за натпревари на ФФМ против Иловски Дарко фудбалер на Ф.К. "Еуромилк" од Скопје врз основа на член 36 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

